СЛУЖБЕН ВЕСНИК

на Република Северна Македонија

Број 121 **11 мај 2020, понеделник** **година LXXVI**

www.slvesnik.com.mk **contact@slvesnik.com.mk**

С О Д Р Ж И Н А

		Стр.
1593.	**Уредба** со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за градење за време на вонредна состојба	**2**
1594.	**Решение** за разрешување од должноста директор на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија	**2**
1595.	**Решение** за именување в.д. директор на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија ..	**2**
1596.	**Решение** за изменување на Решението за формирање на Комисија за евалуација на барањата за финансиска поддршка за инвестиции	**2**
1597.	**Решение** за утврдување на висината на трошоците за издавање на налогот за пробно возење и користење на возило со пробна пренослива метална таблица, согласно со трошоците за изработка и печатење на истиот	**3**
1598.	**Правилник** за Програмата за полагање на стручниот испит на наставник-приправник и стручен соработник - приправник и за начинот на спроведувањето на стручниот испит....	**3**
1599.	**Правилник** за професионалните стандарди за звањата стручен соработник-ментор и стручен соработник-советник и начинот на стекнување.....	**6**
1600.	**Правилник** за професионалните стандарди за звањата наставник-ментор и наставник-советник и начинот на стекнување.....	**9**
1601.	**Решение** за давање одобрение за издавање на долгорочни хартии од вредност по пат на приватна понуда на ФИМАР БАЛКАН АД Скопје..	**12**
1602.	**Решение** од Комисија за хартии од вредност на Република Северна Македонија.....	**13**
1603.	**Одлука** за утврдување на највисоки малопродажни цени на нафтените деривати и горива за транспорт	**13**
1604.	**Одлука** за изменување на одлуката за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт - трговија на големо со еуросупер БС 95, еуродизел БС, екстра лесно (ЕЛ-1) и мазут (М-1)	**15**
1605.	**Одлука** за издавање на Лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија.....	**17**
1606.	**Решение** за утврдување на тарифа за снабдување со сурова вода наменета за водоснабдување на населението на ЈП за водоснабдување СТУДЕНЧИЦА Кичево за регулиран период 2021-2023 година	**19**
	Огласен дел	**1-60**

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

1593.

Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 8 мај 2020 година, донесе

У Р Е Д Б А
СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА ГРАДЕЊЕ ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА

Член 1

Во Уредбата со законска сила за примена на Законот за градење за време на вонредна состојба („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.89/20) во член 1 во ставот 2 по зборовите “вонредната состојба“, се додаваат зборовите “и за рокот на важење на одобрението за градење за време на траењето на вонредната состојба“.

Член 2

По членот 2 се додава нов член 2-а кој гласи:

“Член 2-а

Важноста на одобрението за градење, чиј рок на важење е истечен за време на траењето на вонредната состојба, се продолжува за време на траењето на вонредната состојба, како и 60 дена од денот на престанок на вонредната состојба.“

Член 3

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-3774/1
8 мај 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Оливер Спасовски, с.р.

1594.

Врз основа на член 59 став 1 алинеја 1 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011, 26/2012, 145/2012, 16/2013, 91/2013, 187/2013, 43/2014, 44/2014, 97/2014, 112/2014, 113/2014, 188/2014, 20/2015, 61/2015, 98/2015, 129/2015, 150/2015, 154/2015, 192/2015, 217/2015, 27/2016, 37/2016, 120/2016, 142/2016 и 171/2017 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/2019) Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 5 мај 2020 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ДИРЕКТОР НА ФОНДОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

1. Данаил Дончев се разрешува од должноста директор на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија на негово барање.

2. Ова решение влегува во сила со денот на објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 20 - 3700/2
5 мај 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Оливер Спасовски, с.р.

1595.

Врз основа на член 57 и член 59 став 3 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011, 26/2012, 145/2012, 16/2013, 91/2013, 187/2013, 43/2014, 44/2014, 97/2014, 112/2014, 113/2014, 188/2014, 20/2015, 61/2015, 98/2015, 129/2015, 150/2015, 154/2015, 192/2015, 217/2015, 27/2016, 37/2016, 120/2016, 142/2016 и 171/2017 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/2019) Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 8 мај 2020 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИМЕНУВАЊЕ В.Д. ДИРЕКТОР НА ФОНДОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

1. За вршител на должноста директор на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија се именува Миле Сугарев.

2. Ова решение влегува во сила со денот на објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 20 - 3863/1
8 мај 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Оливер Спасовски, с.р.

1596.

Врз основа на член 36 став (6) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија” бр.59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19) и член 38 став (5) од Законот за финансиска поддршка на инвестиции („Службен весник на Република Македонија” бр. 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19 и 124/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 8 мај 2020 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ФОРМИРАЊЕ НА КОМИСИЈА ЗА ЕВАЛУАЦИЈА НА БАРАЊАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА ИНВЕСТИЦИИ

1. Во Решението за формирање на Комисија за евалуација на барањата за финансиска поддршка за инвестиции („Службен весник на Република Македонија” бр. 121/18, 133/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 139/19), во точка 2, алинејата 1 се менува и гласи:

„- Снежана Костовска Фрчковска - претседател, посебен советник од Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори“.

Алинејата 4 се менува и гласи:

„- Верда Фазлиова – член, помлад соработник за економски политики и инвестиции во Кабинетот на министерот без ресор, задолжен за странски инвестиции, Елвин Хасан“.

Алинејата 8 се менува и гласи:

„- Елена Паговска Пелтековски – член, раководител на сектор за финансиски работи, кабинетски службеник за стручна поддршка во Кабинетот на генералниот секретар“.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-3690/1
8 мај 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Оливер Спасовски, с.р.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

1597.

Врз основа на член 38 став (14) од Законот за возила („Службен весник на Република Македонија“ бр. 140/08, 53/11, 123/12, 70/13, 164/13, 138/14, 154/15, 192/15 и 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19), министерот за внатрешни работи донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА НАЛОГОТ ЗА ПРОБНО ВОЗЕЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ВОЗИЛО СО ПРОБНА ПРЕНОСЛИВА МЕТАЛНА ТАБЛИЦА, СОГЛАСНО СО ТРОШОЦИТЕ ЗА ИЗРАБОТКА И ПЕЧАТЕЊЕ НА ИСТИОТ

Член 1

Со ова решение се утврдува висината на трошоците за издавање на налогот за пробно возење и користење на возило со пробна преносилва метална таблица, согласно со трошоците за изработка и печатење на истиот.

Член 2

Висината на трошоците за изработка и печатење на налогот за пробно возење од членот 1 од ова решение се утврдува во износ од 250,00 денари за кочан од 100 листови.

Член 3

Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 13.1-39758/1
5 мај 2020 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
Наќе Чулев, с.р.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

1598.

Врз основа на член 2 ставови (26) и (27) од Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19), министерот за образование и наука, донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ПРОГРАМАТА ЗА ПОЛАГАЊЕ НА СТРУЧНИОТ ИСПИТ НА НАСТАВНИК-ПРИПРАВНИК И СТРУЧЕН СОРАБОТНИК-ПРИПРАВНИК И ЗА НАЧИНОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕТО НА СТРУЧНИОТ ИСПИТ

Член 1

Со овој правилник се пропишува Програмата за полагање на стручниот испит на наставник-приправник и стручен соработник-приправник (во натамошниот текст: приправникот) и начинот на спроведувањето на стручниот испит.

Член 2

Стручниот испит се полага според Програмата за полагање на стручниот испит на приправникот, која е дадена во Прилог и е составен дел на овој правилник.

Член 3

Комисија за спроведување на стручниот испит (во натамошниот текст: Комисијата) работи и одлучува во полн состав.

Комисијата полноважно одлучува ако се присутни сите нејзини членови.

Одлуките на Комисијата се донесуваат со мнозинство гласови.

Член 4

За работата на Комисијата и за текот на испитот се води записник. Записникот го води член на Комисијата, во време кога тој не е ангажиран за испитување на приправникот.

Член 5

Од страна на приправникот за полагање на стручен испит се поднесува пријава до Државниот испитен центар, најдоцна 30 дена пред почетокот на испитниот рок во кој приправникот сака да го полага испитот.

Кон пријавата од став 1 на овој член, приправникот приложува:

- извештај за совладување на основните професионални компетенции на приправникот и неговата подготвеност за полагање на стручниот испит од менторот и од наставничкиот совет на училиштето,
- извештај од Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија за остварен работен стаж на приправникот во училиште, во траење од една календарска година,
- копија од диплома или уверение за завршено соодветно образование (заверена на нотар),
- копија од уверение за педагошко-психолошка и методска подготовка (заверено на нотар) здобиено на акредитирана високообразовна установа, за приправници на кои им е потребна наведената подготовка согласно нормативот за наставен кадар во наставните програми за соодветните наставни предмети,
- акциско истражување или студија на случај, во два примероци, од кои еден примерок на македонски јазик и неговото кирилско писмо и еден примерок на јазикот и писмото на кој приправникот ја изведува наставата и
- примерок од уплатницата за уплатен надоместок за полагање на стручен испит,

Член 6

Од страна на Државниот испитен центар се разгледува пријавата со приложените документи и се врши проверка дали приправникот ја доставил комплетната документација од членот 5 од овој правилник.

Од страна на Државниот испитен центар, приправниците кои не доставиле комплетна документација, се известуваат да ја комплетираат документацијата најдоцна, пет дена од приемот на известувањето,.

Од страна на Државниот испитен центар, комплетната документација на приправниците се доставува до Комисијата.

Од страна на Комисијата се врши проверка дали приправникот ги исполнува, односно не исполнува условите за полагање на стручен испит и се изготвува извештај со список со приправници кои не ги исполнуваат условите.

Од страна на Државниот испитен центар, врз основа на извештајот од ставот 3 на овој член, писмено се известуваат приправниците што не ги исполнуваат условите за полагање на стручен испит, пред да започне испитниот рок.

Од страна на претседателот на Комисијата се известува приправникот за времето и местото за полагање на стручниот испит, најдоцна седум дена пред денот определен за полагање на стручниот испит.

Член 7

Приправникот го полага стручниот испит во времето определено за полагање.

На барање на приправникот поради болест, породилно отсуство и други оправдани причини, Комисијата може стручниот испит да го одложи, во истиот или во наредниот испитен рок.

Член 8

Ако приправникот што го започнал полагањето на стручниот испит, во текот на испитот, поради болест или други причини, бил спречен да го продолжи испитот, ја известува Комисијата за спреченоста.

Ако Комисијата констатира дека причините се оправдани, на приправникот ќе му одобри да го продолжи испитот во истиот или во наредниот испитен рок. Во спротивно ќе се смета дека приправникот не го положил стручниот испит.

Член 9

Ако приправникот не се појави на определениот ден за полагање на стручниот испит или пред почетокот на полагањето изјави дека се откажува од полагањето, ќе се смета дека испитот не го полагал.

Ако и во наредниот испитен рок приправникот не пристапи кон полагање на испитот или изјави дека се откажува од полагањето, ќе се смета дека приправникот не го положил стручниот испит.

Член 10

Стручниот испит се состои од:

- акциско истражување или студија на случај;
- реализација на наставен час за наставникот-приправник односно практична воспитно-образовна задача за стручниот соработник-приправник и
- устен испит.

Член 11

За време на приправничкиот стаж приправникот избира и спроведува акциско истражување или студија на случај од областите на Програмата за полагање на стручниот испит на приправникот, а поврзано со непосредната воспитно-образовна работа, односно наставна работа во потесното стручно подрачје.

Избраниот проблем за истражување, приправникот го проучува, анализира, истражува, спроведува практични активности за негово разрешување и изработува соодветен стручен материјал во писмена форма во обем од најмалку десет, а најмногу до триесет страници.

Член 12

Приправникот изготвува извештај за акциско истражување или студија на случај во кој се презентира познавање на проблемот, способност да се анализира и истражува проблемот по пат на примена на соодветни методи и техники на истражување, способност за преземање на практични активности за негово решавање, анализирање и интерпретирање на добиените резултати и применување на сознанијата во функција на унапредување на воспитно-образовната дејност.

Член 13

Реализација на наставен час за наставникот-приправник, се состои од планирање и реализација на наставен час за конкретна наставна единица.

Практичната воспитно-образовна задача на стручниот соработник-приправник, се состои од планирање и реализација на активност поврзана со работата со ученици, специфична за профилот на стручниот соработник.

Член 14

Наставниот час и практичната воспитно-образовна задача, приправникот ги реализира во училиште кое се определува од страна на Комисијата.

Член 15

Усниот испит се состои од три дела:

- согледувања од реализацијата на часот, односно практичната воспитно-образовна задача,
- одбрана на акциското истражување или студијата на случај и
- проверка на знаењата за прописите од областа на основното и средното образование и организацијата на воспитно-образовната дејност на училиштето.

Член 16

По завршениот стручен испит од страна на Комисијата се оценува секој дел од испитот поединечно. Испитот се смета за положен доколку кандидатот ги положил сите три дела.

Стручниот испит се оценува со „положил" или „не положил".

По завршување на стручниот испит, од страна на претседателот во присуство на сите членови на Комисијата се известува приправникот за резултатот од полагањето на стручниот испит.

Член 17

Со денот на отпочнувањето со примената на овој правилник престанува да важи Правилникот за начинот и постапката при полагање стручен испит на учител, наставник, стручен работник и воспитувач во основното училиште („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/96).

Со денот на отпочнувањето на примената на овој правилник, престанува да важи Програмата за полагање на стручен испит на учителот, наставникот, стручниот работник и воспитувачот во основното училиште („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/96).

Со денот на отпочнувањето со примената на овој правилник престанува да важи Правилникот за условите и начинот на полагање на стручниот испит на наставниците и стручните соработници во јавните средни училишта („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/96)

Со денот на отпочнувањето на примената на овој правилник, престанува да важи Програмата за полагање на стручен испит на наставникот и стручниот соработник во јавното средно училиште („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/96).

Член 18

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе отпочне да се применува од учебната 2020/2021 година.

Бр. 18-4879/1
6 мај 2020 година
Скопје

Министер за образование
и наука,
д-р **Арбер Адеми**, с.р.

Прилог

Програма за полагање на стручниот испит на наставник-приправник и стручен соработник-приправник

Приправникот изработува акциско истражување или студија на случај поврзан со конкретен проблем на чие надминување се ангажирал во текот на приправничкиот стаж а е поврзан со непосредна работа со ученици од подолу наведените подрачја.

Конкретната тема може да се однесува на едно или повеќе од долу наведените подрачја.

I. ПОДРАЧЈА ЗА ПОДГОТОВКА НА АКЦИСКО ИСТРАЖУВАЊЕ ИЛИ СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ ЗА НАСТАВНИК-ПРИПРАВНИК

- Запознавање со резултатите од учењето и успешноста во учењето,
- Прилагодување на содржините и активностите во наставата кон претходните знаења и искуства на учениците,
- Различни начини на давање упатства за работа и успешност во учењето,
- Користење на материјали за работа и нагледни средства во наставата,
- Начини за активно вклучување на учениците во наставните активности,
- Користење на различни приоди, форми и методи (истражувачки, проектни активности, работа во група, во парови и слично),
- Користење на различни извори информации и сознанија и успешност во учењето,
- Користење различни начини за решавање проблеми,
- Користење различни приоди за синтеза на знаењата во определена тема,
- Начини за обезбедување на поголема практична примена на знаењата,
- Влијание на различните начини на давање повратна информација врз ученикот
- Користење различни методи на формативно оценување на учениците,
- Познавање на критериумите за оценување и успешност во учењето,
- Користење на формативното оценување за поттикнување на самодовербата, и мотивацијата за учење,
- Користење на рефлексијата во учењето,
- Поттикнување на развоен мисловен склоп и упорност во учењето,
- Вклучување на учениците во воспоставување на критериуми за оценување,
- Зачестеноста и видот на повратните информации за постигањата на учениците и успешноста во учењето,
- Користење на различни приоди за индивидуализација и диференцијација во поучувањето,
- Ефективност на додатна и дополнителна настава,
- Обезбедување демократска партиципација и меѓуетничка интеграција на учениците и ефекти врз постигањата и однесувањето,
- Приспособување на просторот во училницата кон активностите за учење и ефекти врз учењето,
- Учество на учениците во донесување правила за однесување и влијание на нивно почитување
- Изложување на трудовите од учениците и влијание врз учењето,
- Различни начини на обезбедување работна атмосфера и клима на меѓусебно прифаќање и почитување,
- Ефекти од прилагодување на материјали, услови и активности на индивидуалните потреби на учениците со посебни образовни потреби,
- Начини на следење и проценување на постигањето и развојот на ученикот согласно индивидуалните цели и напредувањето на учениците со попреченост,
- Подготовка и работа со паралелка во која има ученици од ранливи категории,
- Начини за поддршка на емоционалниот развој на ученици.
- Практичната настава/обука во стручните училишта.

II. ПОДРАЧЈА ЗА ПОДГОТОВКА НА АКЦИСКО ИСТРАЖУВАЊЕ ИЛИ СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ ЗА СТРУЧНИОТ СОРАБОТНИК-ПРИПРАВНИК

- Идентификување на фактори кои влијаат врз успехот кај учениците или начините на однесување, предлагање начини на поддршка и следење на ефектите од поддршката што ја даваат наставниците,
- Ефекти од различни видови индивидуална и групна работа со ученици за прашања поврзани со учењето (користење различни приоди и техники во учењето; оспособување за самостојно учење; пристап до информации, нивно користење и вреднување; користење на различни ресурси за учење и истражување; развивање на вештини за читање и друго),
- Ефекти од различни видови индивидуална и групна работа со ученици за прашања поврзани со физичкото и менталното здравје и со однесувањето,
- Индивидуална поддршка на ученици со посебни образовни потреби,
- Поттикнување на развојот на посебните способности на надарените и талентираните ученици,
- Ефекти од активности за меѓуетничка интеграција на учениците во животот на училиштето,
- Ефекти од активности за демократско учество на учениците во животот на училиштето,
- Користење различни приоди во развивање самодоверба, самопочитување кај учениците,
- Користење различни приоди за поттикнување на мотивацијата за учење,
- Поттикнување на развоен мисловен склоп и упорност во учењето,
- Ефекти од работилници со ученици со различни содржини (личен раст и развој, развој на психосоцијални вештини),
- Приоди во надминување на кризни состојби кај ученици,
- Користење на разни приоди, методи или асистивна технологија во работата со учениците со посебни образовни потреби,
- Вклучување на учениците со посебни потреби во воннаставни и вонучилишни активности,
- Подготовка и работа со паралелката во која има ученици од ранливи категории,
- Ефекти од спроведени активности со наставници (работилници, презентации, примери на добра практика, индивидуални консултации со наставници) за создавање инклузивна и стимулативна средина за учење,
- Ефекти од заедничка работа со наставници – планирање и спроведување на неопходни модификации и адаптации во наставата, со цел ученикот максимално да учествува и постигнува,
- Ефекти од едукативни средби и работилници со родители,
- Влијание на спроведено советување на родител врз напредокот на ученикот или промена на состојбата кај ученикот,
- Начини на интервенции во случаи на кризни ситуации во семејството (семејно насилство, занемарување, развод, болест, смрт),
- Превенција и интервенција во случаи на дискриминација и нерамноправност,

- Развивање и спроведување на превентивни програми (болести на зависност, насилство, трговија со луѓе и друго),
- Ефекти од спроведени активности за меѓуврсничка соработка.

1599.

Врз основа на член 59 став (3) од Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19), министерот за образование и наука донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ПРОФЕСИОНАЛНИТЕ СТАНДАРДИ ЗА ЗВАЊАТА СТРУЧЕН СОРАБОТНИК-МЕНТОР И СТРУЧЕН СОРАБОТНИК-СОВЕТНИК И НАЧИНОТ НА СТЕКНУВАЊЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат професионалните стандарди за звањата стручен соработник-ментор и стручен соработник-советник во основните и средните училишта (во натамошниот текст: стандардите) и начинот на стекнување.

Член 2

Стандардите за стручен соработник - ментор опфаќаат знаења, способности и вештини коишто ги поседува стручниот соработник за да може да напредува во звање стручен соработник -ментор.

Стандардите за стручен соработник - ментор се групирани во следните подрачја:

1. Работа со ученици;
2. Работа со наставници;
3. Работа со родители;
4. Соработка со заедницата;
5. Професионален развој и професионална соработка;
6. Аналитичко-истражувачка работа и
7. Училишна структура, организација и клима.

Член 3

Стандардите за стручен соработник-ментор, за подрачјето Работа со ученици, се однесуваат на поседување продлабочени знаења за развојот на децата и младите и користење вештини и приоди за работа со ученици на сензитивни прашања од нивниот развој, што се базираат на нови научни сознанија, како и на користење на стратешки и креативни приоди за подобрување на училиштето со цел да биде подобро место за учење и развој на учениците.

Стручниот соработник-ментор за подрачјето Работа со ученици треба да ги стекне следните стандарди:

- обезбедување сите ученици да имаат еднакви можности за успех користејќи приоди за подобрување на учењето базирани врз најновите научни сознанија,
- градење стратегии за поддршка на развојот на учениците, приспособени на специфичностите на самите ученици и на училиштето,
- развивање пристапи за градење на инклузивно училиште и
- унапредување на процесот на професионалната ориентација и кариерното насочување на учениците во училиштето.

Стручниот соработник психолог, освен стандардите од став 2 на овој член, треба да ги стекне и следните стандарди:

- воспоставување систем за идентификација, следење и поддршка на надарените ученици во училиштето и
- унапредување на системот за реагирање при кризни состојби кај учениците на ниво на училиште.

Стручниот соработник специјален едукатор и рехабилитатор, освен стандардите од став 2 на овој член, треба да го стекне и стандардот воспоставување систем за идентификација, следење и поддршка на учениците со посебни образовни потреби во училиштето.

Стручниот соработник библиотекар, освен стандардите од став 2 на овој член, треба да ги стекне и следните стандарди:

- давање насоки за користење различни информации врз основа на теориите за учење, решавање проблеми и критичко размислување,
- користење современи и иновативни пристапи во оспособувањето на учениците за читање со разбирање и истражување на извори на информации,
- поврзување на активностите во библиотеката со меѓупредметните цели во концепциските и програмските документи и
- користење различни начини за мотивирање на учениците за читање.

Стручниот соработник психолог и социолог, освен стандардите од став 2 на овој член, треба да го стекне и стандардот унапредување на системот за реагирање при кризни состојби кај учениците на ниво на училиште.

Член 4

Стандардите за стручен соработник-ментор, за подрачјето Работа со наставници, се однесуваат на знаења и вештини за работа во училишни тимови што внесуваат иновации, поддршка на наставниците да ја осовременуваат својата работа преку користење нови наставни методи чија ефективност е научно заснована, изнаоѓање креативни решенија во работата со сите ученици, развој на рефлексивна и автономна практика и поддршка успешните практики да се споделуваат во училиштето.

Стручниот соработник-ментор за подрачјето Работа со наставници, треба да ги стекне следните стандарди:

- промовирање современи и иновативни приоди и модели во планирањето на наставата и другите форми на воспитно - образовна работа,
- креирање/спроведување современи и иновативни дидактичко-методски проекти на ниво на училиште
- помагање на наставниците создавање позитивна средина за учениците во училиштето,
- помагање на наставниците во создавање клима за прифаќање на различностите и конструктивно справување со кризни состојби и
- помагање на наставниците во користење на сознанијата за карактеристиките, напредокот и развојот на учениците во воспитно-образовната работа.

Стручниот соработник педагог/психолог, освен стандардите од став 2 на овој член, треба да ги стекне и следните стандарди:

- развивање училишна политика за квалитетно оценување,
- разбирање на концептуалните приоди во различни надворешни национални и меѓународни оценувања и ги анализира и споделува резултатите од нив,
- помагање на наставниците во работата со надарените ученици и
- помагање на наставниците во разбирање на динамиката на паралелката подобрување на менаџментот во училница.

Стручниот соработник библиотекар, освен стандардите од став 2 на овој член, треба да ги стекне и следните стандарди:

- промовирање и обезбедува услови за еднаков пристап на сите ученици до библиотечните ресурси,

- помагање на наставниците да користат разновидни стратегии за подобрување на читањето во рамките на редовната настава имајќи ги предвид различните потреби и интереси на учениците и

- помагање на наставниците во иновативно користење на нови медиуми и извори на информации во наставата.

Стручниот соработник педагог, освен стандардите од став 2 на овој член, треба да го стекне и стандардот користење методологии за вреднување на учебници и други наставни материјали.

Стручниот соработник специјален едукатор и рехабилитатор, освен стандардите од став 2 на овој член, треба да го стекне и стандардот промовирање ефективни методи и приоди во работата со ученици со посебни образовни потреби

Член 5

Стандардите за стручен соработник-ментор, за подрачјето Работа со родители, се однесуваат на високи стручни и комуникациски вештини што ги користи да ги препознае потенцијално непријатните ситуации во комуникацијата со родителите и соодветно да реагира, креирање на нови идеи и приоди за соработка, советување и едукација на родителите во насока на успешно остварување на нивната родителска улога, што го прави препознатлив кај родителите на учениците и пошироко во локалната заедница.

Стручниот соработник-ментор за подрачјето Работа со родители, треба да ги стекне следните стандарди:

- подобрување на информирањето на родителите,

- систематично подобрување на соработката на училиштето со семејството,

- антиципирање на можните отпори кај родителите и работи на нивно надминување,

- соодветно реагирање на конфликтни ситуации на релација родител - училиште и

- користење на современи сознанија за родителската улога во едукацијата на родителите.

Член 6

Стандардите за стручен соработник-ментор, за подрачјето Соработка со заедницата, се однесуваат на преземање иницијативи во соработка со локалната заедница за прашања кои се релевантни за училиштето и заедницата, спроведување на училишни политики и практики и нивно промовирање во пошироката заедница.

Стручниот соработник-ментор за подрачјето Соработка со заедницата, треба да го стекне стандардот иницирање и развивање партнерска соработка со заедницата за прашања релевантни за образованието во заедницата.

Член 7

Стандардите за стручен соработник-ментор, за подрачјето Професионален развој и професионална соработка, се однесуваат на систематично сопствено стручно усовршување, градење систем за професионален развој, координирање и практикување разни форми на професионално усовршување во училиштето

Стручниот соработник-ментор за подрачјето Професионален развој и професионална соработка, треба да ги стекне следните стандарди:

- изготвување на инструменти за рефлексија и самоевалуација и споделува искуствата од сопствениот професионален развој и професионална практика,

- користење на стекнатите знаења преку стручно усовршување (формалното, неформалното и информалното образование и учење) за унапредување на сопствената пракса,

- продлабочено проучување специфични и нови прашања од својата област и користење на знаењата во работата,

- придонесување за професионалниот развој на наставниците и стручните соработници ,

- воспоставување систем за професионален развој на воспитно-образовниот кадар во училиштето и

- промовирање и практикување модели на етичко однесување во сите видови на професионална комуникација (со учениците, колегите и пошироката заедница).

Стручниот соработник специјален едукатор и рехабилитатор, освен стандардите од став 2 на овој член, да го стекне и стандардот унапредување на работата на наставниците со ученици со посебни образовни потреби.

Стручниот соработник библиотекар, освен стандардите од став 2 на овој член, треба да ги стекне и следните стандарди:

- промовирање современи и иновативни приоди во користењето информациски технологии и други извори на информации и

- обезбедување информации од сложени библиотечни бази.

Член 8

Стандардите за стручен соработник-ментор, за подрачјето Аналитичко-истражувачка работа се однесуваат на спроведување продлабочени истражувања на специфични прашања од неговата потесна област, тимска работа на истражување на актуелни прашања од воспитно-образовната работа во училиштето со користење на посложен методолошки дизајн и статистичка обработка и на презентирање на наодите пред пошироката јавност.

Стручниот соработник-ментор за подрачјето Аналитичко-истражувачка работа, треба да го стекне стандардот спроведување посложени и релевантни истражувања за подобрување на квалитетот на воспитно-образовниот процес во училиштето.

Член 9

Стандардите за стручен соработник-ментор, за подрачјето Училишна структура, организација и клима се однесуваат на стратешки приод училиштето да стане подобро место за учење и работа првенствено преку развој на превентивни стратегии, програми и интервенции по кои училиштето станува препознатливо.

Стручниот соработник-ментор за подрачјето Училишна структура, организација и клима, треба да ги стекне следните стандарди:

- систематично следење и анализирање на промените во образованието и користење на сознанијата,

- развивање и имплементирање образовни политики во училиштето,

- користење резултати од евалуацијата на работата на училиштето за подигање на квалитетот на воспитно-образовниот процес,

- развивање стратегии за создавање безбедна и стимулативна средина за учење,

- развивање стратегии за мултикултурализам, интеркултурализам и меѓуетничка интеграција и соработка и демократско учество на учениците во училиштето;

- создавање позитивна и недискриминаторска училишна клима и комуникација и

- осмислување стратегија и процес на кризна интервенција во училиштето.

Стручниот соработник специјален едукатор и рехабилитатор, освен стандардите од став 2 на овој член, треба да го стекне и стандардот изготвување училишна инклузивна политика и стратегија за работа со ученици со посебни образовни потреби.

Стручниот соработник библиотекар, освен стандардите од став 2 на овој член, треба да ги стекне и следните стандарди:

- информирање за новините во базите на извори на информации (TED, on-line курсеви, дидактички електронски материјали и сл.) и нивното користење во учењето,
- развивање програми за работата на библиотека што е центар на учење и размената на информации во училиштето,
- мотивирање и обучување ученици за волонтерска работа во библиотеката,
- градење стратегии и организира активности за збогатување и користење на библиотечниот фонд и на библиотеката како ресурс за учење и
- организирање ресурсен центар за стручни материјали во библиотеката.

Член 10

Стандардите за стручен соработник-советник опфаќаат знаења, способности и вештини коишто треба да ги поседува стручниот соработник-ментор за да може да напредува во звање стручен соработник-советник.

Стандардите за стручен соработник-советник се групирани во следните подрачја:

1. Работа со ученици;
2. Работа со наставници;
3. Работа со родители;
4. Соработка со заедницата;
5. Професионален развој и професионална соработка;
6. Аналитичко-истражувачка работа и
7. Училишна структура, организација и клима.

Член 11

Стандардите за стручен соработник-советник, за подрачјето Работа со ученици, се однесуваат на поседување висока компетентност во сопствената стручна област и користење на иновативни практики во работа со ученици што се базирани на нови научни сознанија и на стекнато искуство, а што може да бидат користени на системско ниво, како и на развивање локални или национални програми и интервенции за поддршка на учениците, објавување примери од практиката, учество во изработка на национални документи и слично.

Стручниот соработник-советник за подрачјето Работа со ученици, треба да ги стекне следните стандарди:

- осмислување и реализирање иновативни пристапи за проценка и следење на напредокот на учениците,
- промовирање современи приоди во учењето пред пошироката професионална заедница,
- промовирање подобрувања во политиките, пристапите и методите за ефективно учење произлезени од истражувања и/или проверени во практиката,
- придонесување за инклузија на учениците во пошироката заедница,
- развивање иновативни приоди за следење и поддршка на развојот на учениците и
- истражување и промовирање нови приоди во професионалната ориентација и кариерното насочување.

Стручниот соработник психолог, освен стандардите од став 2 на овој член, треба да го стекне и стандардот развивање систем за работа со надарени ученици.

Стручниот соработник специјален едукатор и рехабилитатор, освен стандардите од став 2 на овој член, треба да го стекне и стандардот развивање систем за работа со ученици со посебни образовни потреби.

Стручниот соработник библиотекар, освен стандардите од став 2 на овој член, треба да го стекне и стандардот промовирање современи приоди за користење на библиотеката како центар за учење пред пошироката професионална заедница.

Стручниот соработник педагог/психолог/социолог, освен стандардите од став 2 на овој член, треба да го стекне и стандардот развивање програми за превенција и кризна интервенција со ученици.

Член 12

Стандардите за стручен соработник -советник, за подрачјето Работа со наставници, се однесуваат на стручноста во сопствената стручна област која е регионално препознаена и давање на поддршката на наставниците од регионот и пошироко, што се манифестира преку подготовката на документи од поширок интерес што ја унапредуваат работата на наставниците, како што се концепциски документи, написи/анализи, дидактичко-методички материјали, учество во системски интервенции и слично.

Стручниот соработник-советник за подрачјето Работа со наставници, треба да ги стекне следните стандарди:

- изработување концепциски и програмски документи на национално ниво,
- изработување материјали и реализира активности за унапредување на дидактичко-методичките аспекти на наставата и
- развивање и вреднување системски интервенции/промени во училиштето, општината или регионот.

Стручниот соработник педагог/психолог/социолог, освен стандардите од став 2 на овој член, треба да ги стекне и следните стандарди:

- работење на различни аспекти во надворешното мерење на постигањата и
- развивање системски промени за приспособување на начинот на работа на наставниците кон потребите и можностите на учениците со посебни образовни потреби.

Член 13

Стандардите за стручен соработник-советник, за подрачјето Работа со родители, се однесуваат на издигнување на работата со родители на ниво на стратешко стручно прашање преку изготвување прирачници, учество во изготвување на концепциски документи, учество во едукативни емисии, пишување во популарни списанија и сајтови преку што обезбедува подобрување на работата со родители во поширокі рамки во образовниот систем.

Стручниот соработник-советник за подрачјето Работа со родители, треба да ги стекне следните стандарди:

- идентификување и користење нови ефективни приоди во советувањето на родителите и

- едуцирање на родителите и поширокатa јавност за прашања поврзани со родителството преку средствата за масовно комуницирање.

Член 14

Стандардите за стручен соработник-советник, за подрачјето Соработка со заедницата, се однесуваат на иницирање и реализирање проекти за подобрување на животот во училиштето и во заедницата, внесување на нови содржини и начини на работа во меѓусебната соработка, поврзување на жителите на заедницата со училиштето и промовирање на училиштето.

Стручниот соработник-советник за подрачјето Соработка со заедницата, треба да го стекнал стандардот преземање водечка улога во соработка со заедницата на нови подрачја на работа.

Член 15

Стандардите за стручен соработник-советник, за подрачјето Професионален развој и професионална соработка, се однесуваат на стекнување на повисок степен на формално образование и постојано вклучување во разни форми на неформално образование како учесник или реализатор на регионално и национално ниво, како и учество во изготвување на документи за професионален развој на ниво на држава.

Стручниот соработник-советник за подрачјето Професионален развој и професионална соработка, треба да ги стекне следните стандарди:

- развивање и применување стратегии и документи за професионален развој на регионално и национално ниво,
- континуирано стручно и научно се усовршување преку учество во различни форми на формално и неформално учење,
- придонесување за професионален развој и стекнување на повисоки компетенции на наставниците и стручните соработници во училиштето и широко и
- иницирање соработка за професионален развој меѓу училиштата.

Член 16

Стандардите за стручен соработник-советник, за подрачјето Аналитичко-истражувачка работа се однесуваат на користење научно-истражувачки постапки и наоди од истражувања што ќе придонесат за објаснување на одделни појави и состојби во образованието и донесување одлуки на системско ниво, критичка анализа на податоците за состојбите во воспитно-образовниот систем, презентирање на сознанијата и давање предлози за системски подобрувања.

Стручниот соработник-советник за подрачјето Аналитичко-истражувачка работа, треба да ги стекне следните стандарди:

- правење критички осврти/анализи на постојните состојби во образованието и
- работење на истражувачки проекти во соработка со други стручни национални и меѓународни институции.

Член 17

Стандардите за стручен соработник-советник, за подрачјето Училишна структура, организација и клима се однесуваат на планирање на иновативни стратегии и политики за унапредување на организацијата на училиштето, користење на современи и иновативни приоди во работата на создавање безбедна заедница во која се вклучени училиштата, инклузија на учениците во широката заедница, работа на проекти за меѓуучилишна соработка и користење на искуствата во изработка на стратешки и концепциски документи на ниво на држава.

Стручниот соработник-советник за подрачјето Училишна структура, организација и клима, треба да ги стекне следните стандарди:

- анализирање и изработување концепциски и стратешки документи во образованието,
- развивање проекти за унапредување на воспитно-образовната работа на регионално и национално ниво,
- водење процесот на развојно планирање во училиштето,
- подобрување на училишни политики за оценување,
- преземање активности за создавање безбедна и позитивна средина за учениците во локалната заедница и
- придонесување за демократско учество и за мултикултурализам, интеркултурализам и меѓуетничка интеграција и соработка и инклузија на учениците во широката заедница.

Член 18

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 18-4881/1 6 мај 2020 година Скопје	Министер за образование и наука, д-р **Арбер Адеми**, с.р.

1600.

Врз основа на член 32 став (3) од Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19), министерот за образование и наука донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ПРОФЕСИОНАЛНИТЕ СТАНДАРДИ ЗА ЗВАЊАТА НАСТАВНИК-МЕНТОР И НАСТАВНИК СОВЕТНИК И НАЧИНОТ НА СТЕКНУВАЊЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат професионалните стандарди за звањата наставник-ментор и наставник-советник во основните и средните училишта (во натамошниот текст: стандардите) и начинот на стекнување.

Член 2

Стандардите за наставник-ментор опфаќаат знаења, способности и вештини коишто треба да ги поседува наставникот за да може да напредува во звање наставник-ментор.

Стандардите за наставник-ментор се групирани во следните подрачја:

1. Знаења за наставниот предмет и знаења за воспитно-образовниот систем;
2. Поучување и учење;
3. Создавање на стимулативна средина за учење;
4. Социјална и образовна инклузија;
5. Комуникација и соработка со семејството и заедницата и
6. Професионален развој и професионална соработка.

Член 3

Стандардите за наставник-ментор, за подрачјето Знаења за наставниот предмет што го предава и знаења за воспитно-образовниот систем се однесуваат на теоретските и практичните знаења кои треба да ги поседува наставникот-ментор за наставниот предмет/предметите што го/ги предава и за знаења за поставеноста на воспитно-образовниот систем.

Наставникот-ментор за подрачјето Знаења за наставниот предмет што го предава и знаења за поставеноста на воспитно-образовниот систем, треба да ги стекне следните стандарди:

- поседување продлабочени знаења и разбирања за предметот/предметите што ги предава,
- умеење критички да оценува документи поврзани со наставниот предмет/наставните предмети,
- споделување знаења со свои колеги за прашања од неговата област и
- развивање и спроведување образовни политики во училиштето.

Член 4

Стандардите за наставник-ментор, за подрачјето Поучување и учење, се однесуваат на знаењата и способностите за планирање и реализирање на иновативна и квалитетна настава што излегува во пресрет на потребите на учениците и обезбедува високи постигнувања.

Наставникот-ментор за подрачјето Поучување и учење, треба да ги стекне следните стандарди:

- анализирање планирања по наставниот предмет на ниво на училиште и предлага подобрувања, и креира развојни политики на училиштето.
- користење нови ефективни методи и приоди во наставата и воннаставните активности, и креира и спроведува иновативни проекти на ниво на училиште.
- користење резултати и/или содржини од надворешни оценувања (национални и меѓународни) за подобрување на наставата, развивање критериуми и инструменти за оценување на ниво на училиште,
- мотивирање и подготвување ученици за постигнување високи резултати.
- користење диференцирани приоди во наставата и
- споделување искуства со колегите.

Член 5

Стандардите за наставник-ментор, за подрачјето Создавање стимулативна средина за учење, се однесуваат на знаењата и способностите за обезбедување на потребните средства и материјали за наставниот предмет вклучувајќи ги и дигиталните алатки за учење на наставниот предмет.

Стандардите се однесуваат и на способностите и вештините на наставникот-ментор да придонесе кон тимската работа на сите во училиштето и да ја направи подобра и побезбедна средина за живот и работа.

Наставникот-ментор за подрачјето Создавање стимулативна средина за учење, треба да ги стекне следните стандарди:

- создавање средина за учење со разновидни материјали и средства,
- развивање стратегии и активности за мултикултурализам, интеркултурализам и меѓуетничка интеграција и демократско учество во наставната и воннаставната работа,
- креативно користење информатичко-комуникациска технологија во наставата,
- развивање стратегии за создавање безбедна средина за учење и
- развивање позитивна училишна атмосфера и добра комуникација.

Член 6

Стандардите за наставник-ментор, за подрачјето Социјална и образовна инклузија, се однесуваат на знаењата и способностите за инклузивно образование, умеење да обезбеди инклузивна практика и придонес кон поголема инклузивност на училиштето.

Наставникот-ментор за подрачјето Социјална и образовна инклузија, треба да го стекне стандардот развивање инклузивни стратегии и начини на работа во училиштето.

Член 7

Стандардите за наставник-ментор, за подрачјето Комуникација и соработка со семејството и заедницата, се надградуваат на знаењата и способностите за комуникација во наставата.

Наставникот-ментор за подрачјето Комуникација и соработка со семејството и заедницата, треба да го стекне стандардот подобрување на соработката на училиштето со семејството и со локалната заедница.

Член 8

Стандардите за наставник-ментор, за подрачјето Професионален развој и професионална соработка, се однесуваат на знаењата и способностите за подобрување на сопствениот и професионалниот развој на колегите и за унапредување на соработка во училиштето.

Наставникот-ментор за подрачјето Професионален развој и професионална соработка треба да ги стекне следните стандарди:

- континуирано професионално усовршување преку учество во различни форми на формално и неформално учење во функција на образовниот процес,
- развивање и применување училишни стратегии за професионален развој,
- придонесување за професионален развој на колегите и

- промовирање и практикување модели на етичко однесување во сите видови на професионална комуникација (со учениците, колегите и пошироката заедница).

Член 9

Стандардите за наставник-советник опфаќаат знаења, способности и вештини коишто ги поседува наставникот-ментор за да може да напредува во звање наставник-советник.

Стандардите за наставник-советник се групирани во следните подрачја:

1. Знаења за наставниот предмет и знаења за воспитно-образовниот систем;
2. Поучување и учење;
3. Создавање на стимулативна средина за учење;
4. Социјална и образовна инклузија;
5. Комуникација и соработка со семејството и заедницата и
6. Професионален развој и професионална соработка.

Член 10

Стандардите за наставник-советник, за подрачјето Знаења за наставниот предмет/предметите што го/и предава и знаења за воспитно-образовниот систем се однесуваат на теоретските и практичните знаења што ги поседува наставникот-советник, со цел критички да ги вреднува документите поврзани со наставниот предмет и со сродните области на национално ниво и да дава аргументирани предлози за нивно подобрување.

Наставникот-советник за подрачјето Знаења за наставниот предмет/предметите што го/и предава и знаења за воспитно-образовниот систем, треба да ги стекне следните стандарди:

- изготвување наставни материјали и материјали за учење што се позитивно рецензирани,
- поседување продлабочени знаења и разбирање за предметната област,
- следење, анализирање и подобрување на програмските документи на национално ниво и
- анализирање и изработување концепциски и стратешки документи во образованието.

Член 11

Стандардите за наставник-советник, за подрачјето Поучување и учење, се однесуваат на знаењата и способностите за внесување и промовирање на иновации во наставата, во училиштето во коешто работи и меѓу колегите од другите училишта. Стандардите се однесуваат и на знаења за истражувања во областа на образованието, на реализација на иновативни проекти и на унапредување на наставата врз основа на добиените сознанија.

Наставникот-советник за подрачјето Поучување и учење, треба да ги стекне следните стандарди:

- водење подрачја за развојно планирање на училиштето.
- осмислување и спроведување иновативни проекти во соработка со други стручни национални и меѓународни институции,
- промовирање современи приоди во наставата пред пошироката професионална заедница,
- помагање на колегите во креирање на примери на добра практика и реализација на акциони истражувања,
- изготвување инструменти, стандарди и извештаи за надворешно оценување на национално ниво,
- подобрување училишните политики за оценување и
- подобрување на ефективноста на оценувањето, вклучувајќи и користење на статистички анализи.

Член 12

Стандардите за наставник-советник, за подрачјето Создавање стимулативна средина за учење, се однесуваат на знаењата и способностите за обезбедување на мотивирачка клима за учење и на работна атмосфера во текот на наставата и на умеењата да ги вклучи другите во активности за зголемување на физичката безбедност на учениците во училиштето и во заедницата.

Наставникот-советник за подрачјето Создавање стимулативна средина за учење, треба да ги стекне следните стандарди:

- поттикнување активности за стимулативна и безбедна средина.
- создавање клима во училиштето и надвор од него што се карактеризира со отвореност, почит и соработка и
- развивање стратегии и активности за мултикултурализам, интеркултурализам и меѓуетничка интеграција и за демократско учество, на регионално и национално ниво.

Член 13

Стандардите за наставник-советник, за подрачјето Социјална и образовна инклузија, се однесуваат на знаењата и способностите за подобрување на образовните политики и практики за инклузивно образование на регионално и национално ниво.

Наставникот-советник за подрачјето Социјална и образовна инклузија, треба да ги стекне следниве стандарди:

- работење на подобрување инклузијата на учениците во пошироката заедница и
- прилагодување наставата за реализација во домашни услови, воспитно-поправните, казнено-поправните и здравствените установи.

Член 14

Стандардите за наставник-советник, за подрачјето Комуникација и соработка со семејството и заедницата се надградуваат на знаењата и способностите за воспоставување на мрежи за соработка со локалната заедница.

Наставникот-советник за подрачјето Комуникација и соработка со семејството и заедницата, треба да го стекне стандардот градење партнерства на училиштето со локалната заедница за подигање на општествената одговорност.

Член 15

Стандардите за наставник-советник, за подрачјето Професионален развој и професионална соработка, се однесуваат на знаењата и способностите за анализирање, истражување и унапредување на сопствената практика и умеењата да воспоставува и да води колаборативни тимови за унапредувањето на наставната практика.

Наставникот-советник за подрачјето Професионален развој и професионална соработка, треба да ги стекне следните стандарди:

- развивање и применување стратегии и документи за професионален развој на регионално и национално ниво,
- континуирано стручно и научно усовршување преку учество во различни форми на формално и неформално учење во предметната област или областа на образованието,
- создавање и водење регионални тимови за учење и професионални мрежи за размена на искуства и
- развивање програми за професионален развој во училиштето.

Член 16

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 18-4882/1
6 мај 2020 година
Скопје

Министер за образование
и наука,
д-р **Арбер Адеми**, с.р.

КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

1601.

Врз основа на член 9 и член 27 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на РМ“ бр.95/2005, бр. 25/2007, бр.07/2008 57/2010, 135/2011, 43/2014, 15/2015, 154/2015, 192/2015, 23/2016, 83/2018 и Службен весник на РСМ 31/2020), Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија, постапувајќи по Барањето за одобрување на приватна понуда на хартии од вредност - втора емисија на акции на Акционерското друштво за производство и преработка на мермер ФИМАР БАЛКАН АД Скопје, поднесено на ден 14.4.2020 година и изменето и дополнето на ден 22.4.2020, на седницата одржана на ден 28.4.2020 година донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ДАВАЊЕ ОДОБРЕНИЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ДОЛГОРОЧНИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ ПО ПАТ НА ПРИВАТНА ПОНУДА

1. На Акционерското друштво за производство и преработка на мермер ФИМАР БАЛКАН АД Скопје се дава одобрение за издавање на долгорочни хартии од вредност по пат на приватна понуда - втора емисија на 8.750 обични акции во износ од 875.000 евра, односно 53.941.738,00 денари, согласно Одлуката број 0302-88 од 10.2.2020 година за зголемување на основната главнина од средствата на Акционерското друштво за производство и преработка на мермер ФИМАР БАЛКАН АД Скопје со издавање на хартии од вредност по пат на приватна понуда-втора емисија на акции и Одлуката број 0302-117 од 21.04.2020 година за измена и дополнување на Одлуката број 0302-88 од 10.02.2020 година за зголемување на основната главнина од средствата на Акционерското друштво за производство и преработка на мермер ФИМАР БАЛКАН АД Скопје со издавање на хартии од вредност по пат на приватна понуда-втора емисија на акции.

2. Издавачот на долгорочни хартии од вредност од точка 1 на ова Решение е должен да ги изврши сите обврски од хартиите од вредност во рокот и на начинот предвиден со Законот и Одлуката број 0302-88 од 10.2.2020 година и број 0302-117 од 21.4.2020 година.

3. Издавачот на долгорочни хартии од вредност од точка 1 на ова Решение е должен во рок од 8 (осум) дена од реализацијата на емисијата да го пријави за упис зголемувањето на основната главнина во Трговскиот регистар.

4. Одобрението за издавање на хартии од вредност по пат на приватна понуда ќе се спроведе под услов Централниот регистар на Република Северна Македонија да донесе решение за упис на зголемувањето на основната главнина.

5. Издавачот на долгорочни хартии од вредност од точка 1 на ова Решение е должен да ги предаде хартиите од вредност за регистрирање во депозитарот за хартии од вредност во рок од 3 (три) работни дена од денот на уписот на зголемувањето на основната главнина во трговскиот регистар.

6. Издавачот на долгорочни хартии од вредност од точка 1 на ова Решение е должен во рок од 5 (пет) работни дена од регистрацијата на акциите во депозитарот за хартии од вредност до Комисијата за хартии од вредност да достави доказ дека е извршен упис на акциите.

7. Ова Решение ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

УП1 Број 10-44
28 април 2020 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Северна Македонија
Претседател,
м-р **Нора Алити,** с.р.

Në bazë të nenit 9 dhe nenit 27 të Ligjit të Letrave me Vlerë (Gazeta Zyrtare e RM-së nr. 95/2005, nr. 25/2007, nr. 07/2008, 57/2010, 135/2011, 43/2014, 15/2015, 154/2015, 192/2015, 23/2016, 83/2018 dhe Gazeta Zyrtare e RMV-së 31/2020), Komisioni i Letrave me Vlerë i Republikës së Maqedonisë së Veriut, duke vepruar ndaj Kërkesës për miratimin e një oferte private të letrave me vlerë – emetimi i dytë i aksioneve i Shoqërisë aksionare të prodhim dhe përpunimit të mermerit FIMAR BALKAN SHA - Shkup, të parashtruar më datë 14.4.2020 dhe ndryshuar dhe plotësuar më datë 22.4.2020, në seancën e mbajtur më datë 28.4.2020, mori

A K T V E N D I M
PËR DHËNIE TË MIRATIMIT TË EMETIMIT TË LETRAVE AFATGJATË ME VLERË NËPËRMJET OFERTËS PRIVATE

1. Shoqërisë aksionare të prodhimit dhe përpunimit të mermerit FIMAR BALKAN SHA Shkup, i jepet miratim për emetimin e letrave me vlerë afatgjatë nëpërmjet ofertës private – emetimi i dytë i 8.750 aksioneve të zakonshme në shumë prej 875.000 euro, përkatësisht 53.941.738,00 denarë, në përputhje me Vendimin nr. 0302-88 datë 10.2.2020 për rritje të kapitalit themelor nga asetet e Shoqërisë aksionare të prodhim dhe përpunimit të mermerit FIMAR BALKAN SHA Shkup me emetim të letrave me vlerë afatgjatë nëpërmjet ofertës private – emetimi i dytë dhe Vendimin numër 0302-117 datë 21.4.2020 për ndryshimin dhe plotësimin e Vendimit numër 0302-88 datë 10.2.2020 për rritjen e kapitalit themelor nga mjetet e Shoqërisë aksionare të prodhimit dhe përpunimit të mermerit FIMAR BALKAN SHA Shkup me emetimin e letrave me vlerë nëpërmjet ofertës private – emetimi i dytë i aksioneve.

2. Emetuesi i letrave me vlerë afatgjatë nga pika 1 e këtij aktvendimi është i detyruar t'i kryejë të gjitha detyrimet nga letrat me vlerë brenda afatit dhe në mënyrën e paraparë me Ligjin dhe Vendimin nr. 0302-88 datë 10.2.2020 dhe nr. 0302-117 datë 21.4.2020.

3. Emetuesi i letrave me vlerë afatgjatë nga pika 1 e këtij aktvendimi është i detyruar që brenda 8 (tetë) ditëve nga realizimi i emetimit, të paraqesë për regjistrim rritjen e kapitalit themelor në Regjistrin Tregtar.

4. Miratimi për emetimin e letrave me vlerë nëpërmjet ofertës private do të zbatohet me kushtin që Regjistri Qendror i Republikës së Maqedonisë së Veriut të marrë aktvendim për regjistrimin e rritjes së kapitalit themelor.

5. Emetuesi i letrave me vlerë afatgjatë nga pika 1 e këtij aktvendimi ka për obligim që të dorëzojë letrat me vlerë për regjistrim në depozitarin e letrave me vlerë brenda 3 (tre) ditësh pune nga dita e regjistrimit të rritjes së kapitalit themelor në Regjistrin Tregtar.

6. Emetuesi i letrave me vlerë afatgjatë nga pika 1 e këtij aktvendimi është i detyruar që brenda 5 (pesë) ditësh pune nga regjistrimi i aksioneve në depozitarin e letrave me vlerë, të dorëzojë provë në Komisionin e Letrave me Vlerë se është bërë regjistrim i aksioneve.

7. Ky aktvendim do të botohet në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut".

PA1 Numër 10-44
28.4.2020 година
Shkup

Komisioni i Letrave me Vlerë i Republikës
së Maqedonisë së Veriut
Kryetarja,
Mr.Sc. **Nora Aliti**

1602.

Врз основа на член 80-а и член 184 алинеи а), з) и л) од Законот за хартии од вредност („Службен весник на РМ" број 95/05, 25/07, 07/08, 57/10, 135/11, 43/14, 15/15, 154/15, 192/15, 23/16, 83/18 и „Службен весник на РСМ" бр. 31/20), постапувајќи по Жалбата изјавена од Стокопромет АД Скопје против Одлуката бр. 02-313/1 од 09.3.2020 година на Македонската берза АД Скопје, Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија на седницата одржана на ден 28.4.2020 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА Жалбата бр.0204-34 од 2.4.2020 година на Стокопромет АД Скопје изјавена против Одлуката бр. 02-313/1 од 9.3.2020 година на Македонската берза АД Скопје за изрекување мерка јавна опомена на Стокопромет АД Скопје преку интернет страницата на берзата.

2. СЕ ПОТВРДУВА Одлуката бр. 02-313/1 од 9.3.2020 година на Македонската берза АД Скопје.

3. Ова Решение ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија".

УП1 број 10-45
28 април 2020 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Северна Македонија
Претседател,
м-р **Нора Алити,** с.р.

Në bazë të nenit 80-a dhe nenit 184 pikat a), z) dhe ll) të Ligjit për Letra me Vlerë ("Gazeta Zyrtare e RM-së" nr. 95/05, 25/07, 07/08, 57/10, 135/11, 43/14, 15/15, 154/15, 192/15, 23/16, 83/18 dhe "Gazeta Zyrtare e RMV-së" nr. 31/20), duke vepruar ndaj Ankesës së paraqitur nga Stokopromet SHA Shkup kundër Vendimit nr. 02-313/1 datë 9.3.2020 të Bursës së Maqedonisë SHA Shkup, Komisioni i Letrave me Vlerë i Republikës së Maqedonisë së Veriut në seancën e mbajtur më datë 28.4.2020, mori

AKTVENDIM

1. REFUZOHET SI E PABAZË Ankesa nr.0204-34 datë 2.4.2020 e Stokopromet SHA Shkup, e paraqitur kundër Vendimit nr. 02-313/1 datë 9.3.2020 të Bursës së Maqedonisë SHA Shkup për shqiptimin e masës paralajmërim publik shoqërisë Stokopromet SHA Shkup nëpërmjet faqes së internetit të bursës.

2. KONFIRMOHET Vendimi nr. 02-313/1 i datës 9.3.2020 i Bursës së Maqedonisë SHA Shkup.

3. Ky aktvendim do të botohet në Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut.

PA1 Numër 10-45
28.4.2020 година
Shkup

Komisioni i Letrave me Vlerë i Republikës
së Maqedonisë së Veriut
Kryetarja,
Mr.Sc. **Nora Aliti**

РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА И ВОДНИ УСЛУГИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

1603.

Врз основа на член 24, став (1), точка 1), алинеја 16 и член 149 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија" бр. 96/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.96/19) и член 8 од Правилникот за формирање на највисоки малопродажни цени на одделни нафтени деривати и горива за транспорт („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 108/20), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 11.5.2020 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЈВИСОКИ МАЛОПРОДАЖНИ ЦЕНИ НА НАФТЕНИТЕ ДЕРИВАТИ И ГОРИВА ЗА ТРАНСПОРТ

Член 1

(1) Највисоките малопродажни цени на нафтените деривати и горива за транспорт, изнесуваат:

- Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС - 95	-	54,00 (денари/литар)
- Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС – 98	-	56,00 (денари/литар)
- Дизел гориво - ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V)	-	45,50 (денари/литар)
- Масло за горење - Екстра лесно 1 (ЕЛ-1)	-	33,50 (денари/литар)
- Мазут М-1 НС	-	18,169 (денари/килограм)

(2) Трговците на големо и трговците на мало со нафтени деривати и горива за транспорт можат да ги формираат цените на одделни нафтени деривати и горива за транспорт и пониско од највисоките цени утврдени во став (1) од овој член.

(3) Највисоките малопродажни цени формирани согласно со став (1) на овој член, освен цената за мазутот М-1 НС, важат франко пумпна станица, а цената на мазутот М-1 НС важи франко склад на трговец на големо со нафтени деривати и горива за транспорт во земјата.

(4) Во највисоките малопродажни цени формирани согласно со овој член содржан е данокот на додадена вредност согласно Законот за данокот за додадена вредност.

Член 2

(1) Во највисоките малопродажни цени на нафтените деривати и горива за транспорт утврдени со членот 1 од оваа одлука, содржани се и највисоките набавни цени, коишто изнесуваат:

- Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС - 95	-	13,521 (денари/литар)
- Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС – 98	-	15,393 (денари/литар)
- Дизел гориво - ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V)	-	13,732 (денари/литар)
- Масло за горење - Екстра лесно 1 (ЕЛ-1)	-	12,565 (денари/литар)
- Мазут М-1 НС	-	13,507 (денари/килограм)

Член 3

Во највисоките малопродажни цени утврдени со членот 1 од оваа одлука, содржан е надоместок за трошоци за работење преку склад и трговска маржа, којшто за Еуросупер БС-95 е во износ од 5,830 денари/литар, за Еуросупер БС-98 е во износ од 5,653 денари/литар, за Еуродизел БС (Д-Е V) е во износ од 5,626 денари/литар, за Екстра лесно 1 (ЕЛ-1) е во износ од 5,599 денари/литар, додека за мазутот М-1 НС надоместокот е во износ од 1,00 денар/килограм.

Член 4

Во највисоките малопродажни цени утврдени со членот 1 од оваа одлука, со исклучок за мазутот М-1 НС, содржан е надоместокот за транспортни трошоци од склад до бензински станици во износ од 0,75 денари/литар за сите нафтени деривати.

Член 5

Во највисоките малопродажни цени утврдени со членот 1 од оваа одлука содржан е надоместокот за финансирање на активностите во областа на животната средина што согласно член 184 став 2 алинеја 2 од Законот за животната средина го плаќаат обврзниците утврдени со овој закон:

- Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС - 95	-	0,080 (денари/литар)
- Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС - 98	-	0,080 (денари/литар)
- Дизел гориво - ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V)	-	0,030 (денари/литар)
- Масло за горење - Екстра лесно 1 (ЕЛ-1)	-	0,040 (денари/литар)
- Мазут М-1 НС	-	0,050 (денари/килограм)

Член 6

Во највисоките малопродажните цени утврдени со членот 1 од оваа одлука содржан е надоместокот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати што согласно член 24 став (3) од Законот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати го плаќаат обврзниците при увоз и/или производство на нафтени деривати:

- Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС - 95	-	0,890 (денари/литар)
- Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС - 98	-	0,890 (денари/литар)
- Дизел гориво - ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V)	-	0,300 (денари/литар)
- Масло за горење - Екстра лесно 1 (ЕЛ-1)	-	0,300 (денари/литар)
- Мазут М-1 НС	-	0,740 (денари/килограм)

Член 7

Во највисоките малопродажните цени утврдени со членот 1 од оваа одлука акцизите што ги плаќаат обврзниците согласно прописите за акцизи, изнесуваат:

- Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС - 95	-	24,692 (денари/литар)
- Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС - 98	-	24,692 (денари/литар)
- Дизел гориво - ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V)	-	18,121 (денари/литар)
- Масло за горење - Екстра лесно 1 (ЕЛ-1)	-	9,136 (денари/литар)
- Мазут М-1 НС	-	0,100 (денари/килограм)

Член 8

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе отпочне да се применува од 00:01 часот на 12.5.2020 година и истата ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

Бр. 02-1143/1
11 мај 2020 година
Скопје

Претседател,
Марко Бислимоски, с.р.

1604.

Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 17, член 45 став (1) и член 235 ставови (2) и (3) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19) и член 22 и член 21 став (1) точка 1) од Правилникот за лиценци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.51/19, 54/19, 214 и 114/20), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на 7 мај 2020 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ТРГОВИЈА НА ГОЛЕМО СО СУРОВА НАФТА, НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ, БИОГОРИВА И ГОРИВА ЗА ТРАНСПОРТ - ТРГОВИЈА НА ГОЛЕМО СО ЕУРОСУПЕР БС 95, ЕУРОДИЗЕЛ БС, ЕКСТРА ЛЕСНО (ЕЛ-1) И МАЗУТ (М-1)

1. Со оваа одлука се врши изменување на Одлуката за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт - трговија на големо со Еуросупер БС 95, Еуродизел БС, Екстра лесно (ЕЛ-1) и Мазут (М-1) (“Службен весник на Република Македонија” бр. 23/12, 46/14, 99/17, 73/18, 17/19 и “Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 58/19, 214/19 и 114/20), а со тоа и на лиценцата за вршење на енергетска дејност трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт - трговија на големо со Еуросупер БС 95, Еуродизел БС, Екстра лесно (ЕЛ-1) и Мазут (М-1) на Друштвото за производство, промет и услуги СУПЕР-ТРЕЈД ДООЕЛ увоз-извоз Скопје.

2. Измената на лиценцата од точка 1 на оваа одлука се врши по барање на носителот при што се врши пренамена на резервоарот со волумен од 3097m3 за складирање на Екстра лесно (ЕЛ-1) со локација КП бр.2205, КО Гази Баба, сопственост на МАКСТИЛ АД Скопје, во резервоар за складирање на Еуродизел БС, како и по службена должност поради усогласувањето со Законот за енергетика* и прописите и правилата донесени врз основа на Законот за енергетика*

3. Прилог 1 се заменува со нов Прилог кој е составен дел од оваа одлука.

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен весник на Република Северна Македонија” и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

УП1 бр. 11-41/20
7 мај 2020 година година
Скопје

Претседател,
Марко Бислимоски, с.р.

Прилог:

ЛИЦЕНЦА

ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ТРГОВИЈА НА ГОЛЕМО СО СУРОВА НАФТА, НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ, БИОГОРИВА И ГОРИВА ЗА ТРАНСПОРТ - ТРГОВИЈА НА ГОЛЕМО СО ЕУРОСУПЕР БС 95, ЕУРОДИЗЕЛ БС, ЕКСТРА ЛЕСНО (ЕЛ-1) И МАЗУТ (М-1)

1. Назив и седиште на носителот на лиценцата

Друштво за производство, промет и услуги СУПЕР-ТРЕЈД ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, со седиште на Булевар 8ми Септември бр.20/И-ДП 1 Скопје-Карпош, Република Северна Македонија

2. Енергетската дејност за која се издава лиценцата

Трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт - трговија на големо со Еуросупер БС 95, Еуродизел БС, Екстра лесно (ЕЛ-1) и Мазут (М-1)

3. Датум на издавање на лиценцата: 15 февруари 2012 година

4. Датум на важење на лиценцата: 15 февруари 2022 година

5. Евидентен број на издадената лиценца: НД-ТРГ-37-2012

6. Единствен матичен број: 4258339

7. Единствен даночен број: 4030991106643

8. Вид и обем на енергетската дејност што ќе се врши

Со оваа лиценца се определуваат условите за вршење на дејноста трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт.

Како трговија на големо, во смисла на оваа лиценца се смета купување од земјата и странство на Еуросупер БС 95, Еуродизел БС, Екстра лесно (ЕЛ-1) и Мазут (М-1), заради натамошна продажба на трговци или потрошувачи во земјата и странство.

9. Капацитети со кои се врши енергетската дејност

За вршење на енергетската дејност ќе се користат следните резервоари:

- четири резервоари, од кои еден со волумен од 400 m3 за складирање на Еуросупер 95 БС, еден со волумен од 400 m3 за складирање на Еуродизел БС, еден со волумен од 400 m3 за складирање на Екстра лесно (ЕЛ-1) и еден со волумен од 400 m3 за складирање на Мазут (М-1) на локација МВ Горни к'р КО Негорци Гевгелија, во сопственост на Друштво за земјоделие, трговија и услуги КАНЕТ АГРО ДООЕЛ Скопје,

- два резервоари за складирање на Еуродизел БС, од кои еден (R1) со волумен од 3293 m3 и еден (R2) со волумен од 3097 m3, на локација 16та Македонска бригада бр.18 Скопје, КП бр.2205, КО Гази Баба, во сопственост на МАКСТИЛ АД Скопје,

- еден резервоар (R3) за складирање на Еуродизел БС со волумен од 5378 m3, на локација 16та Македонска бригада бр.18 Скопје, КП 2204, КО Гази Баба, во сопственост на Рудници и железарница УСЛУГИ акционерско друштво Скопје,

- три резервоари за складирање на Еуродизел БС, од кои два (R1 и R2) со вкупен волумен од 5279 m3 и еден (R3) со вкупен волумен од 5404 m3, со локација на КП бр.5340/1 објекти бр.168 и 169, КО Кисела Вода 2, Скопје, во сопственост на Друштво за производство, промет и услуги ХЕМИСКИ ИНЖЕНЕРИНГ ДОО Скопје,

- два резервоари, од кои еден со волумен од 2000 m3 за складирање на Еуродизел БС и еден со волумен од 1000 m3 за складирање на Еуросупер БС 95, со локација на КП бр.5448/1, објекти бр.44 и 45, КО Тетово 2, сопственост на Волнарски комбинат Тодор Циповски - Мерџан ТЕТЕКС АД – Тетово,

сите закупени од страна на Друштво за производство, промет и услуги СУПЕРТРЕЈД ДООЕЛ увоз-извоз Скопје.

Носителот на лиценцата е должен во секое време да поседува или да има обезбедено право на користење на склад во кој се складира Еуросупер БС 95, Еуродизел БС, Екстра лесно (ЕЛ-1) и Мазут (М-1), со капацитет определен со прописите со кои се уредува трговијата со нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт.

Носителот на лиценцата е должен да ја извести Регулаторната комисија за енергетика за секоја промена на расположливиот капацитет за складирање на нафтениот дериват, најдоцна во рок од 30 дена по настаната промена.

10. Подрачје на кое ќе се врши дејноста

Енергетската дејност трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт - трговија на големо со Еуросупер БС 95, Еуродизел БС, Екстра лесно (ЕЛ-1) и Мазут (М-1), носителот на лиценцата може да ја врши на територијата на Република Северна Македонија и во странство.

11. Општи обврски за носителот на лиценцата

Носителот на лиценцата е должен да:

- обезбеди сигурно и безбедно снабдување со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт,

- обезбеди нафтените деривати, биогоривата и горивата за транспорт со кои врши трговија да ги исполнуваат пропишаните норми за квалитет,

- ги почитува законите, другите прописи и општи акти кои се однесуваат на вршење на дејноста трговија со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт, заштита на конкуренцијата, заштита на потрошувачите, заштита на животната средина, животот и здравјето на луѓето и заштита при работа,

- ги почитува техничките правила, нормативи и стандарди за работа на енергетските објекти и опрема,

- доставува податоци и информации согласно Правилникот за начинот и постапката за следење на функционирањето на пазарите на енергија,

- доставува известувања за сите околности, настани и промени кои што имаат или би можеле да имаат влијание врз вршењето на енергетската дејност,

- да води одвоено сметководство за секоја поединечна енергетска дејност што ја врши или други дејности кои ги извршува,

- овозможи непосреден увид по барање на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, во целокупната документација која што се однесува на вршењето на енергетската дејност за која што е издадена лиценцата, во согласност со Правилникот за лиценци, и

- ги почитува правилниците и другите прописи кои ги донесува или одобрува Регулаторната комисија за енергетика во согласност со закон.

12. Обврска за доставување на Годишен извештај за работењето

Носителот на лиценцата е должен до Регулаторната комисија за енергетика најдоцна до 31 март во тековната година да достави Годишен извештај за работењето, вклучувајќи го и извештајот за финансиското и деловното работење во претходната година.

Годишниот извештај со сите прилози задолжително се доставува и во електронска форма.

Годишниот извештај треба да содржи податоци за:

1) опис и обем на вршењето на енергетската дејност во текот на годината,

2) годишна завршна сметка со сите прилози,

3) преземени мерки во текот на извештајната година за:

- заштита на објектите и опремата од надворешни влијанија и хаварии и осигурување на објектите и опремата за вршење на енергетска дејност,

- безбедност и здравје при работа,

- кадровска екипираност, обука и стручно усовршување на вработените,

- заштита на животната средина, животот и здравјето на луѓето,

- извршување на мониторинг на работењето,

- вршење на дејноста во услови на кризна состојба, промена на условите на светскиот пазар, како и воена и вонредна состојба,

4) извршување на годишната програма за ремонти,

5) реализирање на планот за работа кој што се однесува на соодветната година,

6) извршени инспекциски надзори и контроли од страна на надлежни инспекциски и други државни органи, со приложени фотокопии на записниците, извештаите и решенијата од извршените надзори и контроли.

13. Менување, продолжување, пренос, престанување, суспендирање и одземање на лиценцата

Менување, продолжување, пренос, престанок, суспендирање и одземање на оваа лиценца ќе се врши во согласност со одредбите од Законот за енергетика* и Правилникот за лиценци.

14. Мерки во случај на неисполнување на обврските на носителот на лиценцата

Ако носителот на лиценцата не ги исполнува обврските содржани во оваа лиценца, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија ќе преземе мерки согласно Законот за енергетика* и Правилникот за лиценци.

1605.

Врз основа на член 24, став (1), точка 1), алинеја 17 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19) и член 13 од Правилникот за лиценци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.51/19, 54/19, 214/19 и 114/20), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на 11 мај 2020 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

1. На Трговското друштво за вработување на инвалидни лица за печатење на весници-Печатница ЕВРОПА 92 ДООЕЛ Кочани му се издава лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од фотонапонска електроцентрала ФЕЦ “ЕВРОПА 92”.

2. Лиценцата за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија е дадена во Прилог, којшто е составен дел на оваа одлука.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

УП1 Бр. 12-32/20
11 мај 2020 година
Скопје

Претседател,
Марко Бислимоски, с.р.

Прилог:

Л И Ц Е Н Ц А
ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

1) Назив и седиште на носителот на лиценцата

Трговско друштво за вработување на инвалидни лица за печатење на весници-Печатница ЕВРОПА 92 ДООЕЛ Кочани, со седиште на ул. Крижевска бр. 52, Кочани, Република Северна Македонија

2) Енергетска дејност за која се издава лиценцата: Производство на електрична енергија

3) Датум на издавање на лиценцата: 11 мај 2020 година

4) Датум на важење на лиценцата: 11 мај 2055 година

5) Евидентен број на издадената лиценца: ЕЕ-ПРОИЗ-418-2020

6) Единствен матичен број: 4186842

7) Единствен даночен број: 4013990100461

8) Подрачје на кое се врши енергетската дејност

Носителот на лиценцата ја врши енергетската дејност производство на електрична енергија од фотонапонска електроцентрала ФЕЦ “ЕВРОПА 92” со локација на кров на објект на КП бр. 16724/109 и 16737/3, ГП бр.5.3 КО Кочани, Општина Кочани.

9) Општи обврски за носителот на лиценцата

Носителот на лиценцата е должен да:

- постапува согласно член 70 од Законот за енергетика*,
- обезбеди сигурно, безбедно, континуирано и квалитетно производство и испорака на електрична енергија до точката на прием во електродистрибутивниот систем,
- им ги обезбеди на операторот на електропреносниот систем, операторот на пазарот на електрична енергија, операторот на електродистрибутивниот систем, сите потребни податоци и информации кои се неопходни за извршувањето на нивните обврски од лиценците, во согласност со Мрежните правила за пренос на електрична енергија, Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија и Правилата за пазар на електрична енергија,
- доставува извештаи за опремата, постројките, плановите за одржување и планираната расположливост до операторот на електродистрибутивниот систем, во согласност со Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија,

- доставува податоци и информации согласно Правилникот за начинот и постапката за следење на функционирањето на пазарите на енергија,
- доставува известувања за сите околности, настани и промени кои што имаат или би можеле да имаат влијание врз вршењето на енергетската дејност,
- да води одвоено сметководство за секоја поединечна енергетска дејност што ја врши или други дејности кои ги извршува,
- ги почитува и да постапува согласно Правилата за пазар на електрична енергија, Правилата за балансирање на електроенергетскиот систем, Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија, како и согласно правилниците и другите прописи кои ги донесува или одобрува Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија врз основа на Законот за енергетика*,
- овозможи непосреден увид по барање на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, во целокупната документација која што се однесува на вршењето на енергетската дејност за која што е издадена лиценцата, во согласност со Правилникот за лиценци,
- работи во согласност со законите, другите прописи и општи акти на Република Северна Македонија, а особено оние кои се однесуваат на вршење на дејноста производство на електрична енергија, заштита на конкуренцијата, заштита на потрошувачите, заштита на животната средина, животот и здравјето на луѓето и заштита при работа.

10) Обврска за доставување на Годишен извештај за работењето

Носителот на лиценцата е должен до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија најдоцна до 31 март во тековната година да достави Годишен извештај за работењето, вклучувајќи го и извештајот за финансиското и деловното работење во претходната година.

Годишниот извештај со сите прилози задолжително се доставува и во електронска форма.

Годишниот извештај треба да содржи податоци за:

1) опис и обем на вршењето на енергетската дејност во текот на годината,

2) годишна завршна сметка со сите прилози,

3) преземени мерки во текот на извештајната година за:

- заштита на објектите и опремата од надворешни влијанија и хаварии и осигурување на објектите и опремата за вршење на енергетска дејност,
- безбедност и здравје при работа,
- кадровска екипираност, обука и стручно усовршување на вработените,
- заштита на животната средина, животот и здравјето на луѓето,
- извршување на мониторинг на работењето,
- вршење на дејноста во услови на кризна состојба, промена на условите на светскиот пазар, како и воена и вонредна состојба,

4) извршување на годишната програма за ремонти,

5) реализирање на планот за работа кој што се однесува на соодветната година,

6) извршени инспекциски надзори и контроли од страна на надлежни инспекциски и други државни органи, со приложени фотокопии на записниците, извештаите и решенијата од извршените надзори и контроли.

11) Доверливост на информациите

Носителот на лиценцата е должен во согласност со закон, да обезбеди и да гарантира доверливост на деловните податоци и информации при вршењето на енергетската дејност производство на електрична енергија.

12) Квалитет на услугата

Носителот на лиценцата е должен да обезбеди технички средства и други услови кои ќе овозможат постојан квалитет на произведената електрична енергија, согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

Носителот на лиценцата е должен да врши постојан мониторинг на параметрите кои го определуваат квалитетот на произведената електрична енергија и по барање на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, да доставува писмен извештај за движењето на сите параметри кои што го определуваат квалитетот на произведената електрична енергија во определен временски период.

13) Мерење на произведената електрична енергија и моќност

Мерењето на произведената, односно испорачаната електрична енергија во електродистрибутивниот систем се врши во пресметковното мерно место на начин и постапка утврдени согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

14) Менување, продолжување, пренос, престанување, суспендирање и одземање на лиценцата

Менување, продолжување, пренос, престанување, суспендирање и одземање на оваа лиценца ќе се врши во согласност со одредбите од Законот за енергетика* и Правилникот за лиценци.

15) Мерки во случај на неисполнување на обврските на носителот на лиценцата

Ако носителот на лиценцата не ги исполнува обврските содржани во оваа лиценца, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија ќе преземе мерки согласно Законот за енергетика* и Правилникот за лиценци.

16) Производни капацитети со кои се врши енергетската дејност

Носителот на лиценцата ја врши енергетската дејност производство на електрична енергија од фотонапонска електроцентрала ФЕЦ "ЕВРОПА 92", со следните технички карактеристики:

а) назив на фотонапонска електроцентрала: ФЕЦ "ЕВРОПА 92",

б) вкупна инсталирана моќност на фотонапонска електроцентрала: 175,77 kW,

в) година на почеток и завршеток на градба и почеток на работа: 2020 година

г) проценет животен век на ФЕЦ: 35 години

д) податоци за опрема:

– број на фотонапонски панели: 558

– тип на фотонапонски панели: монокристален силициум

– производител на фотонапонски панели: PiKCELL GROUP PiK315M(60)

– моќност на фотонапонски панели: 315 W

– тип, производител и номинални податоци на инвертор:

- KACO blueplanet 50.0 TL3, 50.000Wp, 3 парчиња
- KACO blueplanet 50.0 TL3, 20.000Wp, 1 парчиња

е) годишно сончево зрачење на таа локација: 1.820 kWh/m2

ж) очекувано производство на електрична енергија: 261.000 kWh.

1606.

Врз основа на член 13 став (1) од Законот за утврдување на цени на водните услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.7/16) и член 7 став (1) од Правилникот за начинот и постапката за утврдување на тарифа за водна услуга и регулаторна тарифа за водна услуга („Службен весник на Република Македонија" бр.63/17), а постапувајќи по Барањето за утврдување на тарифа за снабдување со сурова вода наменета за водоснабдување на населението со предлог тарифа за регулиран период 2021 – 2023 година, на ЈП за водоснабдување СТУДЕНЧИЦА Кичево бр.03-597/1 од 23 март 2020 година, заведено во архивата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија под УП1 бр. 08-29/20 од 27 март 2020 година, и Дополнување на Барањето за утврдување на тарифа бр.03-765/1 од 23 април 2020 година, заведено со УП1 бр. 08-29/20 од 27 април 2020 година, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на 7 мај 2020 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ТАРИФА ЗА СНАБДУВАЊЕ СО СУРОВА ВОДА НАМЕНЕТА ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ НА НАСЕЛЕНИЕТО НА ЈП ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ СТУДЕНЧИЦА КИЧЕВО ЗА РЕГУЛИРАН ПЕРИОД 2021-2023 ГОДИНА

1. На ЈП за водоснабдување СТУДЕНЧИЦА Кичево се утврдува просечна тарифа за водната услуга снабдување со сурова вода наменета за водоснабдување на населението и тоа:

- за 2021 година во износ од 2,18 ден/m³;
- за 2022 година во износ од 2,20 ден/m³;
- за 2023 година во износ од 2,22 ден/m³.

2. Се утврдува опсег на висината на тарифата:

- минималниот и максималниот опсег за 2021 година изнесува 9,93%; минималниот и максималниот опсег за 2022 година изнесува 9,24%;
- минималниот и максималниот опсег за 2023 година изнесува 8,54%.

3. Се утврдува минималната и максималната просечна тарифа согласно минималниот и максималниот опсег од точка 2 на ова Решение:

- за 2021 година:
- минимална просечна тарифа 1,96 ден/m³;
- максимална просечна тарифа 2,40 ден/m³;
- за 2022 година:
- минимална просечна тарифа 2,00 ден/m³;
- максимална просечна тарифа 2,40 ден/m³;
- за 2023 година:
- минимална просечна тарифа 2,03 ден/m³;
- максимална просечна тарифа 2,41 ден/m³.

4. Се задолжува давателот на водната услуга од точка 1 на ова решение да ги исполни условите од Планот за прилагодување на тарифи за водни услуги согласно кои се пресметува минималниот и максималниот опсег на висината на тарифата за водната услуга.

5. Утврдената тарифа за снабдување со сурова вода наменета за водоснабдување на населението важи за регулиран период 2021-2023 година.

6. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 2021 година.

УП1 бр. 08-29/20

7 мај 2020 година година Претседател,

Скопје **Марко Бислимоски,** с.р.

СЛУЖБЕН ВЕСНИК
на Република Северна Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ц.о. – Скопје
бул. „Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник – Мартин Костовски
телефон: +389-2-55 12 400
телефакс: +389-2-55 12 401

Претплатата за 2020 година изнесува 12.200,00 денари.
„Службен весник на Република Северна Македонија" излегува по потреба.
Рок за рекламации: 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.

ISSN 0354-1622
2019121